Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-568/14
18.07.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

Бр.-Nr. 14-568/14
18.07.2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 48 -ма седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 06.07.2022 година | **Време** | 12.00 – 13.30 часот |
| **Бр. на седница** | 48-ма седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Мирослав Гроздановски (МИОА) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов и Мишко Талески (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 24.06.2022 година;
2. Подготовка на Услови за работење (Terms of Reference - ToR) за јавна набавка на консултантски услуги за изработка на Студија за изводливост за изградба на Национална транспортна оптичка мрежа (согласно Заклучокот на Влада);
3. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 48-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 47-та седница, одржана на 24.06.2022 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Димитар Буковалов, отвори дискусија по однос на подготовката на Условите за работење (Terms of Reference - ToR) за јавна набавка на консултантски услуги за изработка на Студија за изводливост за изградба на Национална транспортна оптичка мрежа (НТОМ).

Тој накратко ги претстави предлог заклучоците од владината седница кои произлегуваат од Информацијата за подготовка на студија за изводливост за изградба на Национална транспортна оптичка мрежа (НТОМ), заедно со активностите на институциите кои треба да ги преземат за успешно завршување на процесот.

Мирослав Гроздановски од МИОА од своја страна ги претстави чекорите и фазите за поднесување на апликацијата за физибилити студијата до Делегацијата на ЕУ, како и динамиката за реализација на истата доколку биде одобрена.

Членовите на НКБК се согласија дека наредните денови ќе работат на двата основни документа за поднесување на апликацијата (Project summary and Terms of reference).

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, членот на НКБК, Славица Настеска информираше за

| |
|---|
| одржаниот состанок во Белград организиран страна на RCC, во врска со подготовка на Извештај за DESI 2022 за државите од Западен Балкан. |
| [redacted] |

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________